**20192684191**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 171 став 6, а во врска со член 98 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 146/19), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НОРМАТИВИТЕ И СТАНДАРДИТЕ ВО ОДНОС НА ПРОСТОР, СРЕДСТВА И КАДРИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА СМЕСТУВАЊЕ ВО УСТАНОВА ЗА ТРЕТМАН И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ, ЛИЦА КОИ ИМААТ ПРОБЛЕМ СО ЗАВИСНОСТИ И ДРУГИ МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЛИЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат нормативите и стандардите во однос на простор, средства и кадри определени според степен на квалификации и профили според видот на услугата и бројот на корисници и потребната документација за давање на социјална услуга сместување во установа за третман и рехабилитација на лица со попреченост, лица кои имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица.

Член 2

Со услугата сместување во установа за третман и рехабилитација се обезбедува третман и рехабилитација, работно-окупациона терапја, поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување и реинтеграција во општеството на лица со попреченост, лица кои имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица.

Установата од став 1 на овој член може да се организира како терапевтска заедница.

Установата за третман и рехабилитација и терапевтската заедница треба да донесе програма за спроведување на третманот и рехабилитацијата на лица кои имаат проблем со зависности од дрога и други психотропни супстанции и прекурзори.

Член 3

Корисници на услугата сместување во установата за третман и рехабилитација се лица со попреченост, лица кои имаат проблеми со зависности од дрога и други психотропни супстанции и прекурзори и други маргинализирани групи.

Член 4

Услугата сместување во установа за третман и рехабилитација се дава од страна на лиценцирани или овластени даватели на социјални услуги.

## ПРОСТОР

Член 5

Услугата сместување во установа за третман и рехабилитација се дава во простор во сопственост или изнајмен од основачот, сместен во близина на населено место, со приклучок на електрична и телефонска инсталација, водоводна и канализациона мрежа, развиени сообраќајни врски и друга инфраструктура и со можност за користење на обезбеден јавен превоз.

Член 6

Во објектот на установата во зависност од бројот на лица вклучени во третманот, се обезбедува соодветен број на простории за непречено одвивање на дејноста.

Во една просторија за спиење, се сместуваат четири кревети, односно најмногу осум кревети, со минимум од 5 м2 по корисник, во која има природно осветлување.

За женските односно за машките корисници или сместување на семејствата, неопходно е да се обезбедат одвоени простории за спиење.

Член 7

Во објектот потребно е да има кујна за подготовка на храна и миење на садовите, како и одвоен простор за складирање на намирниците.

Во објектот потребно е да има и посебна просторија за послужување на оброците.

Во објектот потребно е да има просторија за дневен престој, за работни и терапевтски активности и за користење на слободното време.

Во објектот треба да има санитарни простории, одделено за машки и женски лица, како и за вработените во терапевтската заедница. Во санитарните простории, подовите и ѕидовите во височина од 2 метра треба да бидат обложени со керамички плочки и да имаат: претпростор за миење раце (мијалник), WC кабина, туш славина со топла и ладна вода и простор за организиранање на перење и сушење на постелнината и личната гардероба на корисниците.

Во објектот, потребно е да има работна просторија за стручните и другите помошни вработени лица во установата, во која се чува службената документација, димензионирана од најмалку 12 м2.

Член 8

Во установата треба да има опрема која одговара на потребите за секојдневно живеење на корисниците.

Во просторијата за дневен престој, треба да има доволен број на маси, столови односно фотелји, витрини или полици за книги, ТВ апарат, ДВД и радио апарат.

Во собите за спиење се обезбедува опрема, и тоа: кревети за спиење, ормани за чување на лична гардероба, по можност одделно за секое лице, ќебиња, постелнина, пешкири и слично, во количина во зависност од бројот на корисниците.

Во трепезаријата или посебниот простор за таа намена, се обезбедува маса и столови, соодветно на бројот на корисници.

СРЕДСТВА

Член 9

Основачот на установа за третман и рехабилитација обезбедува потребни средства за работа, во обем и на начин за обезбедување на одржливо ниво за спроведување на Програмата за спроведување на третманот и рехабилитација во период од 18 месеци, согласно со елаборатот за основање на установата.

КАДРИ

Член 10

Давателот на услугата сместување во установата за третман и рехабилитација обезбедува најмалку три стручни лица (социјален работник и/или психолог за работа со корисници на дрога) и четири оператори со средно образование, за работа до 30 корисници.

Според потребите, може да се вклучи и медицинска сестра, доктор по општа медицина, психијатар, работен терапевт и друг соодветен кадар и волонтери.

Во терапевтската заедница треба да се обезбеди присуство на стручно лице во текот на 24 часа.

Стручните лица од став 3 на овој член треба да се обучени и за терапевтската работа со корисниците на дрога, познавање на методи, техники на работа во терапевтските заедници или соодветна едукација за методите и техниките на терапевтската работа со корисниците на дрога, за што приложуваат потврда од соодветна стручна/научна установа.

Член 11

Поранешните зависници можат да се вклучат како волонтери во терапевтската заедница во третманот на корисниците, доколку поминат определена едукација или ако успешно ја завршиле програмата во терапевтската заедница.

## ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА СМЕСТУВАЊЕ ВО УСТАНОВА ЗА ТРЕТМАН И РЕХАБИЛИТАЦИЈА

Член 12

Приемот на корисник во установата за третман и рехабилитација и терапевтската заедница се врши по барање на самиот корисник или упатување со решение на Центарот за социјална работа, по претходна согласност од корисникот и извршена проценка на потребите на корисникот.

Корисниците се вклучуваат во терапевтската заедница за обезбедување на социјална ресоцијализација со решение на Центарот за социјална работа, по претходна согласност од корисникот, изготвен наод и мислење на стручниот тим од Центарот за социјална работа и добиено мислење од соодветната здравствена установа, по спроведна програма за детоксикација.

Кон барањето од став 1 на овој член се приложува следната документација:

- важечка лична карта на увид за државјанин на Република Северна Македонија, односно дозвола за постојан престој на странецот,
- мислење од здравствена установа за спроведна програма за детоксикација, и
- друга медицинска документација, доколку ја поседува.

## ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за нормативи и стандарди за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори и поблиски услови за начинот на остварување и спроведување на програмата за социјална ресоцијализација во терапевтската заедница („Службен весник на Република Македонија“ бр.117/13).

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-9802/1
24 декември 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.